„Планирање на дополнителна образовна поддршка користејќи ја МКФ“ („МКФ-план“)

**Еразмус+ проект, 2022-1-AT01-KA220-SCH-000085006**

**01.10.2022 – 30.09.2024**

**www.icf-plan.eu**

Ко-финансирано од Европска Унија

# Билтен бр. 3

мај, 2024

## Каков проект е „МКФ-план“?

Проектот „МКФ-план“ е проект од Еразмус+ програмата кој нуди едноставна електронска алатка за планирање на дополнителна образовна поддршка на учениците со попреченост.

Алатката е заснована на Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ) како универзално средство во процесот на планирање на училишните ресурси, а е во насока на обезбедување на подобри можност за учење.

## Што е направено до сега за интеграција на проектните продукти?

- Министерството за образование и наука на РСМ е запознаено со проектните резултати и покажа интерес за документите и нивната интеграција.
- Преземени се чекори за вклучување на новокреираниот формулар за индивидуален образовен план (ИОП) заснован на МКФ заедно со Листата за проверка на инклузија по пилотирањето на документите во општината Гази Баба.
- Направен е трансфер на структурата за инклузија врз основа на МКФ во општата проценка на попреченоста.
- Во новата методологија за проценка на попреченоста, два дискриптивни документа ќе бидат создадени врз основа на резултатите од проектот и ќе се користат од страна на вклучените институции.
- Одредби од МКФ се во фаза на разгледување од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието за нивно вклучување во планирањето на модифицираната програма.

## Проектни продукти

Четири алатки на „МКФ-план“ имаат за цел да им помогнат на наставниците да прават планови за подддршка на учениците со попреченост, користејќи едноставна е-форма која се темели на МКФ:

1. Материјали со информации за конкретни теми од МКФ (обука);
2. Примери од добра пракса;
3. Збир од алатки со врски кон материјали и продукти од сродни проекти, како што се www.icfcy-meduse.eu, www.icf-school.eu и www.icf-inclusion.net, за проценка и планирање на учеството на ученците; и
4. Одговори на често поставувани прашања (ЧПП) врз основа на практично искуство.

https://www.icf-plan.eu/joomla/index.php/mk/




## Како да учествувате

За да земете учество во проектот (на пример во однос на пилот-користење на резултатите достапни на различните јазици на партнерите во проектот), контактирајте нѐ на: office@sinn-evaluation.at, sojuz_defektolozi@yahoo.com или на contact@educationforall.org.mk.

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува гледиштата само на авторите, а Комисијата не е одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.